Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Бр. 09- 898
27.11.2017
Скопје

Врз основа на член 5 од Правилникот за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за активности поврзани со научноистражувачката дејност бр. 02-266/5-1 од 28.2.2012 година, Комисијата за наука на Универзитетот распишува

**КОНКУРС**
**за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2017/18 година**

1. Со овој Конкурс се доделуваат средства за финансирање на научноистражувачки проекти на факултетите и научните установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: единици).
2. Секоја единица на Универзитетот има право да добие средства за финансирање на еден научноистражувачки проект (во натамошниот текст: проект).
3. Секоја единица има право да предложи само еден проект, врз основа на предлог-одлука на надлежен орган на единицата.
4. Правото за финансирање на проекти по овој Конкурс се остварува ако:
   - носител на проектот е единица на Универзитетот;
   - проектот не е финансиран од други извори;
5. На единиците на универзитетот средствата за реализација на научниот проект за кој конкурираат ќе им бидат префрлени: 80% веднаш по донесувањето на Одлуката за финансирање на проектите за 2017/18 година и 20% по поднесување на извештајот за реализација на проектот. Во полниот износ (до 100%) ќе партиципира членката на УКИМ, со тоа што ќе ги задржи „преостанатите“ 20% од средствата што ќе бидет префрлени по усвојување на извештајот по проектот.
6. Единиците до Универзитетот доставуваат:
   - пријава;
   - краток осврт за проектот (наслов на проектот, носител, тек на реализација, цели, очекувани резултати и други битни елементи на проектот);
   - финансиски план (напомена: за хонорари можат да бидат искористени најмногу 25%, а за режиски трошоци (струја, вода) може да се искористат најмногу 5% од добиените средства; од средствата може да се набавува компјутерска опрема, но не и лап-топ компјутери);
   - предлог-одлука од надлежен орган на единицата (т. 3);
   - изјава од деканот дека се исполнети условите од т. 4 на овој Конкурс.
7. Рокови:
   - за пријавување: **15.2.2018 година,** до Комисијата за наука на Универзитетот;
   - за искористување на добиените средства: 31.12.2018 година
   - за доставување на извештајот: 31.1.2019 година

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Комисија за наука**
**Претседател**
**Проф. д-р Владимир Петрушевски, проректор за наука**